mk.rbth.com

# РУСКА РЕЧ

Прилогот го уредува и го издава „Росиjскаjа газета“ (Москва), коjа е целосно одговорна за содржината. Се печати и се дистрибуира во соработка со „Нова Македонија“.

НОВА МАКЕДОНИЈА

Издание на RUSSIA BEYOND THE HEADLINES

ЧЕТВРТОК - НЕДЕЛА, 16-19 ЈУНИ 2016 ГОДИНА

БРОЈ 35

Рускиот бизнис ги повлекува средствата од оф-шор зоните стр. 6



Зошто Русија инсистира на Евроазиската унија стр. 7-9



Четирите најтопли градови во Русија стр. 12-13

АЛЕКСАНДАР ГРУШКО, ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА РУСИЈА ПРИ НАТО

# НАТО ни предлага враќање во минатото

стр. 2-5



Григориј Сисоев / РИА Новости




Кажете ни што мислите за Русија на страниците на „Руска реч на македонски“ на Интернет-мрежата!

facebook ruskarecmk twitter ruskarecmk

mk.rbth.com

Маша и Мечокот: приказна за нивниот успех стр. 14-15



„Росиjскаjа газета“ уредува прилози за Русија во 16 водечки светски весници, вклучувајќи ги и „Дејли телеграф“, „Фигаро“, „Хanделсблат“ и „Глобал тајмс“ (Кина)

АЛЕКСАНДАР ГРУШКО, ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА РУСИЈА ПРИ НАТО

# НАТО ни предлага враќање во минатото

Раководството на НАТО практично ја запре соработката со Русија. Како да се оцени она што сега се случува помеѓу Москва и НАТО? Дали станува збор за стабилизација на конфронтацијата, за нејзина ескалација или се работи за некакви други тенденции? Во односите со Алијансата, Москва нема позитивни теми. Од друга страна, како што објаснува во интервју за „Росијскаја газета“ и за „Руска реч“ постојаниот претставник на Русија при НАТО Александар Грушко, не постојат никакви знаци дека земјите од Северноатлантскиот воен блок се подготвени за преиспитување на својата надворешна политика

Андреј Золотов

**Александар Викторович, што се случи по првото заседание на Советот Русија - НАТО, одржано кон крајот на април?**

- Не би ги преценувал резултатите од заседанието, ниту би правел долгорочни прогнози. Сепак, може да се каже дека средбата беше корисна. Советот Русија - НАТО нема заседавано речиси две години. Според тоа, имавме можност длабински да ги разгледаме клучните проблеми на европската безбедност.

**Дали во тој случај е правилно да се констатира дека ништо не е направено, туку дека само сте се состанале и дека по средбата дадовте изјава во смисла дека не е направен напредок?**

- Најголемиот проблем не е во фактот што се одржуваат заседанија, ами во тоа што НАТО практично ја запре соработката со Русија. Ние соработувавме во цела низа проекти кои навистина придонесоа во зајакнувањето на безбедноста на сите членови на Советот Русија - НАТО. Во овој момент немаме ниту една позитивна тема на дневниот ред и не гледам никакви знаци за тоа дека земјите од НАТО се подготвени за преиспитување на својата надворешна политика.

Од друга страна, за време на заседанието на Советот Русија - НАТО во излагањата на определени наши колеги се чувствуваше извесна доза на жалење поради тоа што по одлуката што ја донесе Алијансата не можеме да ја продолжиме соработката во врска со Авганистан, каде ситуацијата очигледно деградира, како и во областа на борбата против тероризмот, иако пред кризата овој правец беше еден од клучните во дејствувањето на Советот Русија - НАТО. Соработувавме во сферата на борбата против пиратите. Набројувањето би можело да продолжи, но во овој момент ситуацијата не дава повод за оптимизам во иднина.

**Што се случува денес во односите помеѓу Русија и НАТО? Дали станува збор за стабилизација на конфронтацијата, за нејзина ескалација, или се работи за некакви други тенденции? Доколку според вас нема причина за оптимизам во иднина, што тогаш можеме да очекуваме од таа иднина?**

- Тенденцијата на влошување на односите сè уште го нема изгубено својот потенцијал. Доколку се земе предвид резултатот од средбата на министрите за надворешни работи на НАТО што се одржа минатата недела, Алијансата продолжува со политиката на „одвраќање“ на Русија и покрај тоа што самата повикува на политички дијалог. Не сакам да кажам дека во нашите односи со НАТО се води студена војна, но Алијансата преминува на шемите на осигурување на безбедноста кои се користеа во времето на Студената војна. Ова предизвикува вознемиреност со оглед на тоа што во овој момент не станува збор за политика, ами за развивање воени ресурси. Политиката сега добива конкретни контури во „олово“, така што сиве овие мнугубројни мерки што денес ги преземаат САД и нивните сојузници во Европа само го зацврстуваат ваквиот конфронтациски модел. А, тој модел понатаму повторно ќе влијае на политиката.

**Најсвежа е епизодата на отворањето на базата за ПРО во Романија, во врска со што е дадена цела низа изјави поврзани за Црно море. Во што се огледа суштината на несогласувањето во врска со Црно Море?**

- Црноморскиот регион беше единствен полигон на нашата соработка. Доколку се осврнеме на политиката што Руската Федерација ја спроведуваше во овој регион, ќе видиме дека таа е насочена токму кон јакнењето на меѓусебната зависност, кон формирањето на надинституционални форми на соработка и на кревање на улогата на државите кои имаат излез на Црно Море во решавањето на социјално-економските, сообраќајните и на други прашања. Русија даде мошне голем придонес кон создавањето на Организацијата за црноморска економска соработка и кон подигањето на нејзиното политичко значење. Токму во овој регион за првпат беше подготвен комплет воено-поморски мерки кои придонесуваат кон зајакнувањето на меѓусебната доверба. Беше формирана воено-поморската група „Блексифор“.

Сега НАТО се обидува да ги пренесе конфронтациските шеми и во водите на Црно Море. Неодамна претседателот на Турција Реџеп Таип Ердоган изјави дека не смее да се допушти Црно Море да стане „руско езеро“. Но, сите во НАТО добро знаат дека Црно Море никогаш нема да стане ниту „езеро на НАТО“ и дека ќе ги преземеме сите потребни мерки за да ги неутрализираме заканите и обидите за примена на сила во вршењето притисок врз Русија од јужен правец.

Уште би додал и дека нашата Црноморска флота беше добро интегрирана во меѓународните напори насочени кон стабилизација на ситуацијата во регионот на Средоземно Море и јужно од него. Конкретно, нашата флота актив-



AFP/East News

но учествуваше во операциите против пиратите во координација со НАТО и со Европската Унија и се вклучи во антитерористичката операција на НАТО „Активен напор“ (Active Endeavour). Сега НАТО се откажа од овој облик на соработка.

**Во услови на сè поголема затегнатост, вклучувајќи ги и летовите на руските авиони во близина на американскиот брод на Балтичко Море, 70 километри од Калининград, постојат ли доволно механизми за спречување на случајно избувнување на конфликт? Во која мерка функционираат „жешките линии“ и другите механизми?**

- Во изминативе децении меѓународната заедница и европските земји во рамките на ОБСЕ создадоа мошне развиен систем на инструменти за контрола на вооружувањето и мерки што овозможуваат спречување или отстранување на опасностите од избивање ненамерни воени инциденти, како и систем на други инструменти, вклучувајќи ги и линиите на „жешки врски“ меѓу воените команди. Руската Федерација има склучено цела низа билатерални договори, меѓу кои и со некои членови на НАТО. Овие договори не се покажаа лошо, на пример во руско-норвешките односи. На европскиот север тие сè уште функционираат доволно ефикасно.

Проблемот не е во тоа дали ваквите механизми се доволни или не, ами проблемот е во политиката и во ширењето на воените ресурси што ги реализира НАТО. Излегува дека Алијансата најпрво ја приближи својата територија кон границите на Руската Федерација, а потоа почна да ја уредува со воена инфраструктура и покрена воена активност во разместувањето на ротирачки или постојани воени контингенти, иако во суштина не постои никаква разлика помеѓу постојаното присуство и присуството со непрекинато ротирање. Постојано се изведуваат воени вежби, се градат магацини за тешка воена техника, како дефанзивна, така и офанзивна, и се започнуваат нови мисии како што е патролирањето на воздушниот простор на Балтикот. Со самото тоа регионот на Европа, некогаш најмирниот од гледна точка на класичната опасност, се претвора во сфера на воена конфронтација.

За да се ублажи затегнатоста неопходно е да се занимаваме токму со тоа. Секој дијалог ќе има смисла и содржина само тогаш кога НАТО ќе се откаже од оваа линија што ја спроведува, кога процесот на ширење на силата и обидите за демонстрирање на силата по должина на нашата граница ќе бидат запрени и редуцирани. Тогаш, најверојатно, и ќе се создадат услови за разгледување на прашањата како да се осигури безбедност на сите земји во Европа и во нејзината регионална димензија, имајќи го предвид фактот што во овој момент опасноста не е на европскиот континент, ами се генерира однадвор во вид на хаос и распаѓање на државноста во регионот на Блискиот Исток и на Северна Африка, во вид на миграциска криза, опасност од терористички напади и слично.

Квалитетот на безбедноста во Европа нема да се дефинира само според тоа дали ќе успееме на воен план да ја ублажиме сегашната затегнатост во односите помеѓу НАТО и Русија, ами и во тоа дали ќе можеме да воспоставиме реална колективна соработка во спротивставувањето на појавите кои претставуваат опасност за заедничката безбедност. Во оваа област ситуацијата влева малку повеќе оптимизам зашто прагматичните интереси избиваат во прв план. И покрај обидите организација како НАТО да се искористи како инструмент за изолација на Русија, гледаме дека соработката со Москва сепак се развива во други форми кога станува збор за решавањето на клучните меѓународни прашања и предизвици поврзани со безбедноста. Тука мислам на блискоисточниот квартет, и на Меѓународната група за поддршка на Сирија и на Нормандискиот формат - набројувам само некои моменти, инаку списокот е подолг. Поради тоа земјите што учествуваат во овие напори и кои се подготвени за соработка со Руската Федерација на колективна основа, односно на основа на рамноправност со уважување на нашите легитимни безбедносни интереси, очигледно треба на соодветен начин да ја преуредат политиката на организацијата во којашто членуваат. Тука не мислам само на НАТО, ами и на Европската Унија.

▶ стр. 4-5



Прес-фото

**Генералниот секретар на НАТО Јенс Столнберг и Претседателот на Романија Клаус Јоханис**

Продолжение од стр. 2-3

**Но, аргументот на спротивната страна гласи дека Русија се покажала како агресор и дека е неопходно да се одврaќа. Кои аргументи во врска со ова прашање ги забележувате во своите контакти кога велат дека Русија извршила анексија на Крим, дека поставува ново оружје во Калининградската Област итн?**

- За нашите партнери е инаку карактеристично тие да отвораат нови страници на историјата. Навистина, го видовме нивното тежнеење да ја искористат кризата во Украина, а генезата на таа криза им е на сите јасна. Таа, пред сè, е обид на определени сили на Западот да ја доведат Украина во ситуација да мора да избере еден геополитички партнер - Русија или Западот, а тоа заврши со државен удар. Во согласност со меѓународното право народот на Крим донесе одлука. Навистина се обидуваат нам да ни ја припишат одговорноста за сегашната ужасна состојба во европската безбедност. И во таа смисла не се двоумат. Но, целата приказна на руската политика во оваа сфера е приказна на придонес во изградбата на вистински колективен систем за безбедност. Доколку почнеме да ги реконструираме настаните од година во година и доколку погледнеме што има направено Русија, ќе се увериме во доследноста на нејзините напори насочени кон надминувањето на наследството од Студената војна. Пред сè, ние ги повлековме сите трупи на поранешниот Советски Сојуз од земјите од Источна Европа и од Балтикот. Патем, тогаш балтичките земји ја прокламираа политиката на неприклучување кон воените сојузи. Ние бевме водечка земја во обидите да се формира принципиелно нов режим на контрола на вооружувањето. Мислам пред сè на создавањето на Договорот за конвенционални вооружени сили во Европа. Потоа Русија стана иницијатор на процесот за адаптација на овој договор, што заврши со потпишување на соодветен договор во 1999 година. Русија го ратификуваше во 2004 година. Земјите од НАТО, меѓутоа, ја избегнаа неговата ратификација со сосема нејасно образложение, и со самото тоа ги урнаа материјалните темели на воената безбедност во Европа.

Поради тоа процесите што денес се случуваат треба да се погледаат пред сè од агол на геополитичките интереси на соодветните земји. Ваквата анализа сведочи за тоа дека украинската криза е искористена како повод за нагло вртење во политиката и за развој на воените ресурси на НАТО. Сега нема да се впуштам во конспиративни верзии, но трезвената анализа сепак укажува на тоа дека НАТО воопшто не се чувствува пријатно доколку нема силен непријател.

Сите операции што ги изведе НАТО по завршувањето на Студената војна имаа негативен резултат. Ова се однесува и на Балканот и на Либија. Земјите од НАТО носат директна одговорност за разорувањето на Ирак. Она што сега го гледаме на просторите на Блискиот Исток и на Северна Африка претставува појава на огромни територии на кои господарат терористи и екстремисти од сите бои. Ова е во голема мера резултат на дејствувањето на НАТО. Истото се однесува и на Авганистан. НАТО таму беше присутен

и пред 12 години, но резултатот од тоа присуство засега е под голем знак прашалник, како што е прашање и дали во блиска иднина во Авганистан ќе бидат зачувани барем некакви остатоци од стабилноста. Во овој момент е очигледна тенденцијата во насока на влошување на ситуацијата. Сè поголем е бројот на областите што се под контрола на Талибанците. Сè посилна е и „Исламската држава". Ние тоа го третираме како целосно очигледно загрозување на безбедноста. На пример, гледаме дека екстремистите и терористите продираат во северните провинции на Авганистан, што непосредно ги загрозува нашите сојузници од Организацијата на договорот за колективна безбедност (ОДКБ).

Би сакал да истакнам дека во западната политиколошка средина уште пред украинската криза се поставуваше прашањето за тоа дали НАТО ќе може да постои како инструмент кој им одговара на новите услови на безбедност. Денес гледаме дека претставата за крупно непријателство се користи за решавање на сосема други политички задачи, односно за враќање на НАТО во центарот на светската политика, како и за обид да се докаже дека не постои друг начин за осигурување на безбедност освен „натоцентризмот" со потпирање на стратешката врска помеѓу Европа и САД. Затоа и им е потребен крупен непријател кому тие ќе му ја спротивстават Алијансата.

Дипломатите читаат документи. Пред неколку месеци беше издадена новата редакција на воената стратегија за европската команда на вооружените сили на САД. Во неа „црно на бело" пишува дека задачите на оваа команда се состојат во ширењето на интересите на САД „од Гренланд до Касписко Море и од Северен Леден Океан до Левант". Каде се САД, а каде е Касписко Море? И каде Русија може да ги шири сопствените национални интереси? Според тоа, кога велат дека Русија ја зајакнува својата воена моќ, треба да се каже пред сè дека ние тоа го правиме на својата територија. И ве уверувам дека сите наши активности не претставуваат никаква тајна за нашите соговорници.

Не мислам дека луѓето во НАТО се толку наивни и дека не очекуваат воено-технички одговор од страна на Русија на сите оние мерки што ги преземаат на источното крило, а во кои спаѓаат и обидите за демонстрација на сила, летовите по должината на нашите граници и приближувањето на бродот со еден куп крстосувачки ракети на неколку десетина километри од клучните објекти на Воената морнарица на РФ. Мислам дека тие знаат дека Русија ќе одговори. Јас на нивните потези гледам како на свесна политика која треба да ја докаже „потребата" за НАТО во нови услови на безбедност, а воедно да ги реши и другите прашања, како што е, да кажеме, принудувањето на Европејците да го „одврзат ќесето" за одбрана и да купуваат американска воена техника.

**Кога ќе го слушнеме она што сега вие го велите и она што го велат претставниците на земјите од НАТО, се стекнува впечаток дека станува збор за два монолога кои практично никаде не се пресекуваат. Што треба да се случи за овие монолози да станат дијалог? Постои ли некаков терен на кој овие верзии можат да се приближат една на друга?**

- Се надевам дека таква основа ќе се појави. Во односите помеѓу Русија и НАТО постојат неколку димензии. Ние отсекогаш сме тргнувале од тоа дека за порастот на довербата во нашите односи со време ќе придонесе соработката што ја реализираше Руската Федерација - да го споменам само транзитот во Авганистан и други видови поддршка на Меѓународните сили за поддршка на безбедноста (ISAF), подготвувањето техничари за авганистанските вооружени сили на руската територија итн. НАТО треба да сфати дека е неопходно да се премине кон позитивен дијалог на рамноправна основа, и дека без тоа ќе биде тешко да се разговара со Русија за позитивна стабилност во односите.

Секако, Русија и НАТО и понатаму ќе бидат водечки воени фактори на евроатланскиот простор, но не треба да се надеваме дека чисто козметичките мерки ќе бидат плодотворни во услови кога на самата фасада се појавуваат пукнатини. А, тие се појавуваат пред сè затоа што НАТО со својата политика и со ширењето на воените ресурси го деформира системот на инструменти кои се создадени по завршувањето на Студената војна и фактички нè повикува во минатото. Со други зборови, ние не би сакале со нив да се гледаме преку нишан, но ниту, пак, низ призма на потенцијали кои можат да бидат разместени по должина на нашите граници. Тоа е непријатната вистина. Како што би се рекло: ништо лично. Од базата Амари во Естонија која ја користи военото воздухопловство на НАТО потребни се само неколку минути лет до Санкт Петербург. Според тоа, секој професионалец во редовите на руската армија секако ќе направи сè за да ја неутрализира опасноста преставена преку оваа база, а ние знаеме дека во неа можат да се наоѓаат и воени авиони. За да запре ваквата тенденција не се доволни политичките напори. Потребно е воедно и одрекување од конфронтациските воени планови.

**Што можат да направат европските земји во оваа смисла? Обично се смета дека НАТО игра како што свири Америка и дека таа ја дефинира сета политика.**

- Тоа е навистина така. Америка се прашува. Не во целост, но таа ги определува основните контури на политиката и на ширењето на воените ресурси на НАТО. Кога станува збор за западноевропските земји, секако дека тие треба самите да одлучуваат во која парадигма на безбедноста сакаат да бидат. Јас сум уверен дека луѓето со здрав разум добро знаат дека најдобрите услови за безбедност можат да бидат создадени низ развојот на партнерство со Русија. Ние живееме на ист континент и зависиме еден од друг, зашто географијата не може да се промени. Но, светот во голема мера е сменет. На сите нам подеднакво ни се заканува нови опасности, и поради тоа е потребно да се обединат силите.

Уште еднаш нагласувам дека за многу прашања ваквите прагматични интереси излегуваат во прв план. Обидите Русија да се изолира со користење на трансатлантскиот формат, како што веќе се уверивме, не им пречат на западноевропските земји да нè третираат како клучен партнер во решавање на конкретните светски и регионални проблеми.

**А, во врска со тоа, што ќе се случи со Основниот акт Русија - НАТО?**

- Основниот акт Русија - НАТО и понатаму е еден од малобројните фактори за одвраќање. Поради тоа сметаме дека неговото значење во ниту еден случај не треба да се потценува. Кај многу членки на НАТО постојат политички сили кои се залагаат за отфрлање на овој документ. Тоа би било крајно опасно. Во тој случај, судејќи според сè, би можело да се каже дека Европа ризикува да остане без последните остатоци од инструментот кој осигурува безбедност, а кој не се засновува на рамнотежа на закани и на контразакани. Што е тоа контрола на вооружувањето? Нејзината смисла е во тоа да се осигури поголема безбедност со што помалку средства. Отфрлањето на Основниот акт и на неговите одредби за воздржаност во воената сфера ќе биде директен повик кон нова фаза од трката за вооружување. Ваквиот развој на настаните значително би ја дестабилизирал ситуацијата во Европа. А, тоа не им оди во прилог на општоевропските интереси. Претседателот на Руската Федерација В.В. Путин во повеќе пригоди рече дека тоа не е во наш интерес.

**Најновите вести за односите помеѓу Русија и НАТО, како и анализи и мислењана експерти можете да најдете на нашиот сајт со помош на тагот http://mk.rbth.com/tag/русија и нато**



# Рускиот бизнис ги повлекува средствата од оф-шор зоните

Алексеј Лосан

Во текот на 2015 година најмногу директни инвестиции се вложени во Русија од Бахами - вкупно 5,23 милијарди американски долари. На второ место се британските Девствени острови (2,5 милијарди американски долари), а на трето Бермудски острови (1,9 милијарди американски долари). Ова го потврдуваат податоците од руската Централна банка објавени кон крајот на мај. Според нив, приливот на средства од оф-шор зоните расте веќе втор година. На пример, обемот на инвестиции кои пристигнуваат од Бахами во 2015 година пораснал за 43 отсто.



Vostock-Photo

По сѐ изгледа руските бизнисмени решиле да ги повлечат парите од оф-шор зоните. Најмногу пари во Русија се префрлени од Бахами, од (британските) Девствени и Бермудски острови. Исто така по милијарда или нешто повеќе американски долари се стасани од Германија, од Франција и од Велика Британија

### БОРБА ПРОТИВ ОФ-ШОР ЗОНИТЕ

Од друга страна забележан е одлив на капитал во Луксембург и на Кипар, односно во земјите кои најчесто се користат за транзит на средства. Компаниите регистрирани на Кипар имаат изнесено од Русија најмногу пари - вкупно 7,2 милијарди американски долари, додека во Луксембург заминале 5,8 милијарди американски долари.

Но, и во овој случај не станува збор за одлив на инвестиции во вистинската смисла на зборот, ами за гаснење оф-шор компании кои им припаѓаат на државјани на Русија, соопштува рускиот бизнис-весник „Ведомости“, повикувајќи се на изјава од функционер од Министерството за финансии на РФ. Во текот на изминативе две години во Русија се води интензивна борба против оф-шор зоните, па на крајот претставниците на крупниот бизнис почнаа да ги враќаат своите инвестиции во својата земја. Ваквите операции во определени услови можат дури и да бидат ослободени од данок до 2018 година.

- Русија се согласи до 2018 година заедно со останатите држави да пристапи кон исполнување на меѓународните барања за финансиска транспарентност и автоматска размена на податоците кои се однесуваат на даночните прашања, што во голема мера го отежна користењето на оф-шор компаниите - објаснува потпретседателот на меѓународната финансиска компанија „Фајненшал сентар“ Станислав Вернер.

Во декември 2015 година во Русија беше регистрирана основаната структура „Волга груп“ на Генадиј Тимченко, а претходно неговите активи припаѓаа на кипарската компанија „Волга ресорсес Лтд“ и на луксембуршката „ВРН Сарл“.

Кон крајот на 2014 година, пак, основната компанија на милијардерот Алишер Усманов „УСМ Холдингс“ исто така ги реструктуираше своите активи, така што контролниот пакет на мобилниот оператор „Мегафон“ и на металуршката компанија „Металоинвсет“ беа префрлени во руските структури.

- Оф-шор зоните се користат како механизам за оптимизација на данокот, за прикривање на вистинскиот сопственик, па дури и за заштита на интелектуалната сопственост - вели Емиљ Матиросјан, доцент на Институтот за бизнис и деловна администрација при Руската академија за народно стопанство и државна администрација.

### ВОДЕЧКИ ЗЕМЈИ ПО ПРИЛИВОТ НА СРЕДСТВА

Меѓу петте земји од кои се бележи најголем прилив на инвестиции се Франција (1,634 милијарди американски долари) и Германија (1,42 милијарди американски долари), додека на шестото место се наоѓа Велика Британија (1,03 милијарди американски долари). За споредба, обемот на азиските инвестиции е значително помал и во голем број случаи минатата година беше значително намален. На пример, вкупниот износ на инвестициите од Кина е повеќе од двојно намален во тек на една година (од 1,271 милијарда на 571 милион американски долари), додека инвестициите од Кореја од 130 паднаа на 116 милиони американски долари. Од друга страна, пак, инвестициите од Јапонија се зголемени од 295 на 447 милиони американски долари.

**По години**

| | |
|---|---|
| 2015 г. | 4.839 милиони американски долари |
| 2014 г. | 22.031 милиони американски долари |
| 2013 г. | 69.219 милиони американски долари |
| 2012 г. | 50.588 милиони американски долари |
| 2011 г. | 55.084 милиони американски долари |
| 2010 г. | 43.168 милиони американски долари |

**По земји во 2015 година**

| | |
|---|---|
| Бахамски острви | +5.201 милиони американски долари |
| Девствени острови | +2.522 милиони американски долари |
| Бермудски острови | +1.932 милиони американски долари |
| Франција | +1.634 милиони американски долари |
| Германија | +1.420 милиони американски долари |
| Велика Британија | +1.030 милиони американски долари |
| Кина | +571 милиони американски долари |
| САД | +202 милиони американски долари |
| Кореја | +116 милиони американски долари |
| Италија | +73 милиони американски долари |
| Луксембург | -5.757 милиони американски долари |
| Кипар | -7.176 милиони американски долари |

# Зошто Русија инсистира на Евроазиската унија

„Прекрасниот нов свет“ што по завршувањето на Студената војна многумина со нетрпение го очекуваа, никогаш не настапи. Наместо хармонија, соработка и дијалог, имаме сè повеќе насилство и хаос. Многумина добиваат впечаток дека се вратила добата на „тврда сила“, кога државите и народите мораат физички да се борат за место под сонцето

Константин Косачов

Американската опозиција го обвинува претседателот Обама за недостиг на решителност, а некои Европејци сметаат дека инсистирањето на привлечноста на европскиот проект се враќа како бумеранг во вид на миграциски проблеми и на неефикасност во сферата на „правната политика“. Многумина се натпреваруваат во барањата да се „демонстрира сила“, зашто, небаре, водечката улога во светот ќе ја играат оние што функционираат без двоумење.

Мислам дека тоа е заблуда, исто како што би била заблуда и спротивното расудување, односно потпирањето исклучиво врз средствата на „мека сила“. Овој принцип во извесна мера функционира, зашто во некои земји привлечноста на Европа буди желба да се живее „како кај нив“, а кај други, пак, желба да се живее „кај нив“, односно предизвика масовна миграција. Но, во стратешка смисла, овој принцип не е доволен и токму поради тоа идејата за „мека сила“ подоцна е доработена и преточена во концепцијата „паметна сила“, која во соодветна пропорција претставува спој на „меките“ и на „тврдите“ елементи.

Но, земјите од Западот дури и во своите „најтврди“ потези во ниту еден момент не се откажале од идејата сè што прават да прават во име на цивилизациските вредност и против оние кои, демек, ги доведуваат во прашање тие вредности (а, не интересите на тие земји од Западот, нели). Тоа, по сè изгледа, е мошне важен момент за сфаќање на ситуацијата и на улогата на нематеријалните фактори во сегашната ситуација.

Битката за човековата свест не престанува дури ни кога се слушаат топовите. Згора на тоа, во 21 век одненадеж се соочивме со неверојатна реидеологизација на меѓународните односи. Идејата за „единствено правилни“ учења и религии, разговорите за посебна нација, рангирањето на останатите народи, „извозот на револуции“ и слично - сето тоа постојано фигурира во говорите на политичарите и во анализите на политичките ситуации. На сите им се потребни возвишени мотиви за образложување дури и на најнеугледните и најбрутални потези. Во претходните векови беше доволно да се објави војна, а денешниот императив е дејствување за општо добро и во име на привлечни хуманистички идеи, а не во име на некакви себични национални интереси.

Не е случајно што се прават обиди речиси сите конфликтни ситуации од најновиот период да се прикажат како борба за човековите вредности, без оглед на тоа дали станува збор за косовскиот, грузискиот, украинскиот, сирискиот или некој друг конфликт. Зашто, едно е судир на геополитички или на економски интереси, а друго е конфликт на „правилни“ вредности со „погрешни“ вредности, односно во суштината на борбата на очигледното добро со очигледното зло.

Точно е дека актуелните настани навистина се поврзани со демократијата. Денес на многумина им е јасно дека мултиполарниот систем е всушност авторитарен систем, со изразен центар и периферија со која се ограничени правата и ресурсите. Она што денес се случува во планетарни размери, во суштина е токму демократска револуција. „Обоена револуција“, ако сакате. Дали таа ќе се реализира исклучиво по мирен пат зависи во голема мера од тоа какви облици на спротивставување ќе избере западот кој сега доминира.

Фактот што сегашните западни земји имаат демократско устројство воопшто не е гаранција дека претстојните промени нема да бидат насилни.

Но, сè што доаѓа во помала мера е поврзано со општите човечки вредности. Пред сè, мнозинството, секако, ги почитува тие вредности. Не им оди на сите од рака на практика да ги испочитуваат, но тешко дека некој, со исклучок на очигледните маргиналци, би ја отфрлил важноста на основните човекови права и слободи. Сепак, тоа воопшто не значи дека оние што ги почитуваат човековите вредности немаат свои интереси и свои ресурси, и дека тие интереси и ресурси не мораат да ги бранат од надворешна узурпација.

Позната е тезата дека демократиите, наводно, не војуваат една против друга. Тоа се доживува како оправдување за „воведување на демократијата“ и со самото тоа воспоставување мир. Точно е дека демократиите не војуваат една против друга, но не зашто се демократии, ами затоа што конкретни држави имаат заеднички геополитички интереси и се обидуваат една на друга да си ги узурпираат ресурсите или други добра, нивните граѓани имаат еднаков животен стандард, а нивните власти не се демонизираат една со друга, и сите изразуваат политичка волја да се обединат и да заборават на историските несогласувања. Едноставно кажано, повеќе им се исплатува да бидат заедно, одошто една против друга. Доколку, да кажеме, САД и Европа дури и во текот на деведесеттите години од минатиот век имаа подобри односи со Саудиска Арабија одошто со Русија, тоа не значи дека Саудијците се поблиски на евро-американската демократија (во спротивно тие идеали неизбежно би биле доведени во прашање).

стр. 8-9



kremlin.ru



Продолжение од стр. 7

Во контекст на човековите вредности клучно е тоа што тие се мошне згодно и универзално оправдување практично за сите потези на меѓународната политичка сцена. Дури и за целосно контрадикторните потези, како што е поддршката на сепаратизам во еден случај и поддршката на територијален интегритет во друг. Двојните стандарди зад кои всушност се крие поддршката на страната која спаѓа во категоријата „наши“, се оправдува со едноставно тврдење дека „нашите“ секогаш имаат најдобри намери, а „нивните“ најлоши. Практично во секоја дискусија со западњаците ќе наидете на непремостлива препрека во вид на нивна убеденост дека тие се несомнено добрата и правилната страна.

Зошто, на пример, Косово може да се одвои, а Крим не може?

Зошто Европската Унија е добра работа, а евроазиската интеграција е обновување на империја и несомнено зло?

Зошто САД можат да им продаваат оружје на други земји, а кога Русија продава, тогаш тоа е загрозување на мирот во светот?

Зошто бомбардирањето болница од страна на Американците е случајност и грешка, а која било цивилна жртва во воените операции на Русија или на проруските сили не е ништо друго, ами очигледна зла намера и бруталност на генетско ниво?

Зошто Западот може да поддржува една страна во секој внатрешен конфликт во трети земји, а Русија не може? Како тоа некој политичар (партија, движење) кој е ориентиран кон Заедницата на независни држави е „платеник на Кремљ“, и тоа што го прави не е слобода и не се општочовечки вредности, а политичар кој е ориентиран кон Западот тоа го прави слободно и искрено?

Зошто едни (Мајдан) имаа право да се побунат, а други (Донбас) немаат?

Зашто санкциите се добри, а контрасанкциите не се добри?

На овие прашања или нема да добиете одговор, или на крајот во аргументите на вашиот соговорник ќе согледате едно недвосмислено тврдење: „Затоа што ние сме добрите“. Зошто сме добри? Зашто нашите граѓани се среќни и имашни, и тоа, нели, ни дава морално право да го прекројуваме светот и определени земји.

Овој модел, според кој група држави го има узурпирано правото да определува што е добро, а што зло, и да наметнува сопствен систем за казнување на непокорните, денес пред нашите очи сè повеќе бледнее. Но, не бледнее поради тоа. Русија „се крена“ против Системот. Самиот Систем е неправеден, авторитарен и во определена мера дури и расистички (зашто ги дели народите на подобри и полоши). Тој повеќе не се вклопува во реалноста на новиот свет, што, пак, доведе до класична ситуација во која на елитата ѝ се врзани рацете, а на народот му е дојдено преку глава. Поради тоа, кога претседателот на Русија на говорницата на ОН вели дека „суштината не е во амбициите на Русија, ... ами во тоа дека повеќе не може да се истрпи состојбата која постои во светот“, не е предизвик, ами објективна констатација.

Значи, најважно е да се обезбеди постепен премин од еден модел на светски поредок кон друг. Потребно е што повнимателно и побезболно да им се помогне на Соединетите Американски Држави и на целиот Запад да се приклучат кон мултиполарниот свет кој токму сега се создава и да станат негов органски дел. Како што истакнува Жак Сапир, раководител за истражување на Високата школа за општествени науки во Франција „неспособноста на Америка да ги почитува договорите со други земји како рамноправни партнери претставува пречка за нејзината интеграција во светската заедница во 21 век, оваа интеграција се огледа во враќањето на идејата за суверени нации и во неопходната соработка меѓу нив“. Секако, ова не е едноставно да се направи, но без тоа не може да се решат поголемиот број глобални и локални проблеми.

Земјите кои денес, да се изразиме така, се во тренд, кои ги имаат почувствувано светските тенденции и настапуваат како нивни носители и како идејни водачи, стануваат воочливо попривлечни од останатите. Тоа, според мене, е мошне важен из-



Алексеј Иорш

вор на „меката сила“ на современа Русија. Таа се најде под мошне силен притисок на „стариот“ центар на светската сила, таа е наклеветена и демонизирана во сите насоки, опколена е со воена инфраструктура и со вештачки воспитани русофобни режими, но и во таква ситуација не само што не попушти кога станува збор за принципиелните прашања, ами напротив, фактички ги диктира новите општи светски трендови, а тие сѐ повеќе го привлекуваат незападниот свет.

Треба да се нагласи дека Русија во секоја фаза сигнализираше дека е подготвена за разговор и за договор, секако, под услов страните во тој разговор да бидат рамноправни и подеднакво да се почитуваат. Говорот на В.В. Путин на Генералното собрание на ОН беше посветен токму на ова нешто, и никако не беше „објавување војна“, како што некому можеше да му се стори. Тој на сиот свет му се обрати со повик за дијалог, за заедничко дело, и не ги поучуваше „неразумните“ од позиција на „посебна нација“ како што тоа пред него го направи американскиот претседател. Говорите на двајцата претседатели беа различно интонирани, со што е истакната и разликата во моделите на кои се придржуваат. Светот го забележа тоа.

На државите кои имаат вакви политички системи навистина им е поедноставно да постигнат меѓусебен договор. Но, новиот глобален модел се состои во тоа што сите држави без исклучок имаат еднакви можности за разговор и светот да не се дели според критериумот на идеолошко-вредносни „подобности“, како според економската и демократската успешност. Човековите вредности и принципи треба да бидат универзални, а не геополитички детерминирани. Луѓето на Крим, во Придестровје или во Јужна Осетија не треба да имаат помали права од луѓето на Косово. Убивањето деца во Донецк не е помалку шокантно од убивањето деца на сириските бегалци. Спротивставувањето на државниот преврат не е помалку легитимно од спротивставувањето на режимот.

Русија се залага за еднакви права на сите народи и за почитување на тие права, не во смисла на спротивставување на правото на индивидуалноста, ами во смисла на почитувањето на правата кои се нераскинлив дел од правото на истата таа индивидуалност. Таа во своето залагање не се претставува само себеси и некакви светски „ревизионисти“, ами претставува еден новоформиран став на сѐ поширок круг држави и народи. Овој став до неодамна беше вештачки маргинализиран од страна на идеолозите и на практичарите на глобалната монополарност.

Како што неодамна напиша патријархот на германската дипломатија Ханс Дитрих Геншер, „ние живееме во доба на глобализација, и како никогаш порано зависиме од соработката меѓу различни земји. Политиката на конфронтација која функционира според принципот 'оној што е посилен има право' сега е веќе застарена“.

На добата во која владееше „правото на посилниот“ навистина ѝ се ближи крајот, и тоа не звучи парадоксално ниту во контекст на ракетирање и на артилериски плотуни. Тоа е така зашто за секоја сила сѐ почесто ќе се најде друга сила која може да ѝ се спротивстави, што значи дека решението не е во силата. Поради тоа е подобро да се оди со договор, одошто да се примени сила (секако, со оние со кои може да се постигне договор и за кои војната не е модус вивенди). Ниту еден човек со здрав разум не сака војна, и не постојат априори „никакви“ и „зли“ народи. Секој сака и има право да живее во мир, да го определува патот по кој ќе чекори, да гради сопствен политички систем и да се раководи според сопствените убедувања, верата и традицијата. Треба да се обезбеди ова право, а не со сила да се отераат сите луѓе во заеднички „резерват“ на исти вредности и системи. Ова е вистинска задача за светската заедница и за нејзините лидери, меѓу кои ќе бидат токму оние што на светот ќе му понудат оптимални решенија, а не оние што ќе ја узурпираат власта благодарение на својата војна или на економската надмоќ.

**Константин Косачов е претседател на Комитетот за меѓународни прашање на Советот на Федерацијата**

# Ижори - заборавен народ од Русија

Во близина на Санкт Петербург постојат неколку села кадешто живее стариот и редок народ Ижори. Нашиот дописник посети едно од овие села и на читателите на „Руска реч“ им донесе оттаму ексклузивна приказна

Олег Скрипник


Олег Скрипник

Елисавета, Ижорка. На сите заинтересирани таа им дава часови по ижорски јазик на Интернет

„И кога кон небото ќе полета огнената црпалка, фаќајќи ја туѓата среќа“, со драматичен глас извикува Никита, црнокос триесетгодишник, кој по националност е Ижор. Неговите зборови мирно ги слушаат десетина ученици и една кукла од слама во ижорска народна носија, која го претставува шумскиот дух. „Наставниот процес“ во ижорскиот музеј во селото Вистино (104 километри западно од Санкт Петербург) е големо изненадување за оној што е неподготвен.

Ижорите се мал угро-фински народ од Русија. Негови претставници се автохтоните жители на балтичкото приморје (според официјалните податоци, во Русија живеат 50 мали автохтони народи). Порано тоа било моќно племе со сурови обичаи, за што во 12 век пишувал римскиот папа во својата була (неколкумина латински мисионери се обидувале да ги преобратат паганите во католици, но биле сурово казнети). Денес се останати само неколку стотини припадници на Ижорите. Многубројните војни и политичките потреси на модерното време ја доведоа ижорската култура на работ на опстанокот.

Но, ако сакате да ги натажите Ижорите со приказната за лошата состојба во која се наоѓа овој мал народ, тие искрено ќе се зачудат.

**ЖИВОТ НА СЕЛО**

Може да се каже дека селото Вистино е центар на ижорската култура. Тоа мошне уредно, патиштата се асфалтирани, има убаво уредени дрвени куќички со прозорци украсени со резба и мали овоштарници. Има неколку типични градски повеќекатници, а во дворовите има дрвени бунари.

- Пред само неколку години во селото немаше ниту една тараба - воздивнува Зинаида која тука живее од 1935 година.

Ижорите немаат обичај да се оградуваат едни од други, но близината на големото пристаниште ги принудува да бидат повнимателни. Освен тоа, се случуваат и непријатни ситуации (на пример младенче од лос, кое било припитомено од страна на некој шегаџија, изгазило десетици градини). Тука се чести и други, многу помалку дружељубиви ѕверки: лисици, мечки, куни. Дојденецот може да се прелаже со асфалтниот пат, но селото од сите страни е опкружено со густи шуми. Минатата година мештаните морале дури и да се фатат за оружје за да се одбранат од глутница дрски волци кои влегувале во селото.

За волја на вистината, Ижор со оружје е вистинска реткост. Припадниците на овој народ не се занимаваат со лов. Нивно главно, речиси сакрално занимање отсекогаш бил риболовот. Тука се соз-


Олег Скрипник

**Никита совршено го има совладано ижорскиот јазик, со тоа што самостојно го има научено како возрасен. Сега ги учи ижорски јазик децата и работи како кустос во музејот. Пее во фолклорен ансамбл**

дадени многу песни и пословици за морето. Жените пловеле во чамците заедно со мажите. Дури и канељот (национален жичен инструмент) според легендата може со своите звуци да го смири разбеснетиот Балтик. За жал, изградбата на многу објекти на територијата на трговското пристаниште Уст Луг секако во голема мера ја отежни пловидбата со мали чамци во заливот.

- Веќе две години нема кој да го одбележи Денот на рибарите. Наместо тоа се одбележува Денот на ижорската култура. Каква е таа ижорска култура без рибари - се жали една старица.

Неодамна ижорската младина почна да се здружува во рибарски задруги, што влева надеж во обновување на традицијата. Сега поголемиот број жители на Вистино работи на пристаништето, и речиси сите имаат своја градина и некакво домаќинство. Во слободно време одат во клуб и на стадион. Само 33-годишниот рибар Алексеј живее во согласност на заветите на предците. Тој го издржува семејството благодарение на природата, а од современата техника користи само мобилен телефон.

## КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА

Една пословица вели дека Ижорите трипати во животот зборуваат - викаат при раѓањето, се согласуваат на свадбата и офкаат пред смртта. Ова е народ кој е затворен во себе и во голема мера се придржува на паганските обичаи.

- Веруваме ли во духови? Ние... не ги одрекуваме. Нашиот свештеник многу се бори против тоа, но зарем е лесно да се искорени традицијата - се насмевнува кустосот на месниот музеј Никита.

Овој народ е навистина упорен во зачувувањето на своето културно наследство. Ентузијасти од Санкт Петербург држат курсеви по ижорски јазик, а државата помага во издавање учебници и го финансира локалниот музеј во Вистино, каде ижорските ученици го учат мајчиниот јазик.

Во еден агол на музејот стојат неколку глинени садови. Тука ги оставиле учениците по часот по грнчарство. Освен тоа, тука децата учат за везот, за готвењето, за резбата, ткаењето и за основите на градежништвото.

Дури и денес, кога територијата на која живеат Ижорите е сведена на само неколку села, старите обреди и верувања сè уште играат важна улога во нивниот живот. Мештаните го примиле христијанството уште во средниот век, но паганските обичаи до денешен ден остануваат врежани во нивната култура. На пример, елка тука се кити за свадба, а потоа се закачува на таванот. И покојникот во поворката го следи елка - со нејзините гранки се посипува патот до катафалкот. Членовите на семејството на покојниот Ижор овие гранки ги чуваат четириесет дена, а потоа ги палат.

- Велат дека сме се асимилирале. [Меѓутоа], ние само не ги покажуваме своите обичаи, зашто тоа е премногу интимна работа. Тоа од градот, секако, не може да се види. За да го видите тоа, треба да живеете со нас извесно време - забележува Елена Кострова, директорка на музејот.

**„Руска реч" продолжува да ги запознава своите читатели со народите кои живеат во Русија. Погледнете ја и фотогалеријата за Карелите http://mk.rbth.com/569721**





**Двојазичен патоказ во центарот на Вистино**

Олег Скрипник


**Зинаида е родена во ижорско семејство. Била дете кога започнала војната. Ги преживеала ужасите на германската окупација и била во концентрационен логор. Долго се занимавала со риболов, а неколкупати го има ризикувано својот живот за време на бура**

Олег Скрипник

# Четирите најтопли градови

Зимата е една од најчестите асоцијации кога станува збор за Русија. Малкумина обрнуваат внимание на тоа дека во Руската Федерација постојат градови во кои во текот на целата зима може и да не падне снег, каде можете да се сончате во кое било годишно време. Таму жените облекуваат бунда кога температурата ќе „падне“ на +10 степени Целзиусови, лубениците таму се жолти, кујната се одликува со специјалитети на кримските Јудеи, а на врвовите од планините се пие коњак. „Руска реч“ ви ги претставува најтоплите градови во Русија

Ана Груздева

## 1. СОЧИ

Најтопол регион во Русија е јужниот Краснодарски крај, каде се наоѓаат популарните бањи на Краснодар, Сочи, Анапа и Геленџик. Меѓу нив со својот летен максимум се издвојува Сочи со +39 степени Целзиусови. Звучи парадоксално, но токму во Сочи беа одржани Зимските олимписки игри во 2014 година.

По овој светски спортски настан, некогашното советско бањско гратче, каде на секој агол се продава шашлик (руски раженчиња) и се пее караоке, стана среден мегаполис со кафулиња, ресторани и со продавница со стока за сечиј вкус.

Па, сепак, дури и по олимписката модернизација жешкиот јужен град не го изгуби својот историски бањски шарм. Тука и понатаму можат да се видат жени кои на +10 шетаат во бунди, а на прашањето зошто го прават тоа, одговараат: А, кога инаку би носеле бунди? На плажа сè уште можат да се купат лепливите чучхели, грузински слатки од ореви нанижани на конец и потопени во жежок и густ сок од грозје.



Shutterstock/Legion-Media



Максим Коротченко / ТАСС

## 2. АСТРАХАЊ

Лубеници се одгледуваат во многу региони на Русија, па дури и во сибирската Евенкија, но сепак поради топлата клима тие се најубави во Астрахањ каде налето просечната температура изнесува +25 степени. Тие се црвени и слатки, пукаат кога во нив ќе се зарие ножот… На ова место треба да се дојде во август и да се посети фестивалот „Руска лубеница“, каде можат да се дегустираат различни видови од овој вкусен плод. Може да се проба дури и „месечинска“ жолта лубеница што ја одгледуваат локалните земјоделци.

Лубениците не се единствено нешто поради кое треба да се посети топлиот Астрахањ. Една од причините е и средбата со реката Волга која тука се влева во Касписко Море. Приватни фирми во Астрахањ изнајмуваат бротчиња и чамци, а туристичките агенции имаат и своја понуда за рибарење. Треба да се знае дека покрај лубениците, најдобар астрахањски подарок е воблата (Rutilus caspicus), како и други риби кои можат да се купат на главниот рибен пазар Селенские Исади. И, секако, не заборавајте да го посетите прекрасното Астрахањско кале, кое е изградено за време на владеењето на Иван Грозни кон крајот на 16 век.

# во Русија



Alamy/Legion-Media

### 3. ЕВПАТОРИЈА

Се смета дека Јалта и Севастопољ се најтоплите градови на Крим, но во Евпаторија температурата може да достигне и до +41 степен Целзиусов. Овој град има само 100.000 жители. Покрај сончањето и излежувањето на плажите, гратчето ќе ви биде интересно и поради трагите кои тука ги имаат оставено многу народи.

На пример, во стариот дел од градот можете да го почувствувате пријатниот и мирен амбиент во кој некогаш живееле Караимите. Тука се „кенасите“, караимски богомолки со елегантен изглед, и кафулињата „Карман“ каде се служи караимскиот специјалитет (а, тој е препознатлив симбол на Евпаторија) „јантик“, односно пирошки од нежно тесто со месо, или „хомур-долму“, минијатурни пељмени за кои величината била определувана со помош на венчален прстен.

Додека во прошетката низ градот гледате како да се скриете од сонцето, можете да наидете на џамијата Џума-Џами, и на грчкиот Храм на светиот Пророк Илија со прозорци од витраж, како и на старите турски бањи кои на Крим се зачувани само во Евпаторија.



Вјачеслав Прокофјев / ТАСС

### 4. МАХАЧКАЛА

Во руската република Дагестан, која поради сложениот релјеф уште се нарекува и „земја на планините“, се наоѓа Махачкала, еден од најтоплите градови во Русија. Тука летната температура достигнува +38 степени Целзиусови. Во Махачкала како на никое друго место може да се ужива во топлите вечери. На пример, можете да прошетате до стариот светилник на височинката опкружена со тесни улички и ниски куќи, или да седнете на песочната плажа на Касписко Море.

Но, најдобро е да си купите од легендарниот дагестански коњак или вино и да се качите на врвот на Тарки Тау, од каде се отвора најубавиот поглед на Махачкала и на Касписко Море. Тука порано минувал Патот на свилата, а денес тука се наоѓа населеното место Тарки со само илјада жители.



Дмитриј Ригулин / ТАСС




Прес-фото

# Маша и Мечокот: приказна за нивниот успех

„Маша и Мечокот“ е еден од најпознатите анимирани филмови во странство. Една епизода од оваа серија дури ја надмина и бројката од една милијарда прегледи на Јутјуб

Надежда Устинова

Серијата за другарувањето и за авантурите на малечкото руско девојче и на големиот мечок бргу ја освои публиката во светот. Анимираниот филм се прикажува во 22 земји во светот, а една од епизодите, „Маша+каша“, на Јутјуб има повеќе од милијарда прегледи, со што стана еден од 17 најпопуларни клипови во целата историја на сајтот.

Популарноста на серијата авторите ја објаснуваат едноставно: толку безгрижна, шеговита и весела „Маша“ постои во секое семејство, без оглед на националноста

### КОЈА Е МАША?

- Идејата дојде од фактот што сакавме да ги покажеме односите на возрасните и на децата во една комична форма, со цел на гледачите да им бидат јасни чувствата на хероите - вели режисерот на проектот Денис Червјацов.

Според Червјацов, нацртаната Маша има и реален прототип. Во деведесеттите години од минатиот век уметничкиот раководител на проектот Олег Кузовкин се одморал на море и видел на плажа едно малечко девојче. Тоа било толку непосредно и отворено за разговор што можело едноставно да му се приближи на некој непознат човек и да одигра со него шах или да си ги земе перките и да отиде да плива. Секако, по неколку дена луѓето што биле дојдени на одмор почнале да се кријат од девојчето, зашто тоа било мошне активно и здодевно. Оваа приказна му останала на Кузовкин во глава и по неколку години се појавила идејата за серијата.

Сижеите за серијата авторите ги земаат, меѓу другото, и од личниот живот, вели Червјацов.

- Дури и оние што се занимаваат со анимација, го копираат однесувањето на своите деца или на децата на своите пријатели, како што е случај и со сценаристите - додава тој.

### МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ

- Ми се чини дека сите деца до 5 години во секоја земја малку се разликуваат едно од друго - се смее Денис Червјацов.

Освен тоа во серијата отсуствуваат долги дијалози. Според авторот, ставајќи акцент на дејствието, а не на дијалозите, тие се поблиски до форматот на немиот филм, каде сè е јасно и без зборови.

Освен признанието од публиката, студиото „Анимакорд“ кое е создадено специјално за овој проект, има добиено и меѓународно признание. Во 2015 година „Маша и Мечокот“ ја доби наградата Кидскрин, своевиден Оскар за мултипликација, во номинацијата за најдобра анимација. Исто така студиото беше признаено за едно од најуспешните про-

дукциски претпријатија на годината, заедно со величини како што се Cartoon Network Studios и Dreamworks Animation Television.

Програмскиот директор на „Големиот фестивал на анимирани филмови“ Марија Терешченко го објаснува успехот на проектот и со тоа што авторите успеале да ги прикажат последните тенденции во воспитувањето на децата. Претходно класичната анимирана кловнијада беше поврзана со насилство прикажано преку хумор. Но, во 21 век ова почна да се смета како штетно за психолошкиот развој на децата. „Маша и Мечокот“ успеаја да ја најдат таа граница на кловнијадата каде што отсуствува насилството. Освен тоа, на децата почнаа да им даваат поголема слобода и почнаа помалку да ги ограничуваат за разлика од минатиот век. Затоа малата и палава Маша се појави имено тогаш, кога современите деца можеа да се пронајдат себеси во неа, смета Марија Терешченко.


Прес-фото


Прес-фото

### ШТО ПОНАТАМУ?

Во моментов, освен основната серија, светот на „Маша и Мечокот“ се прошири на два спин-офа. Во 2012 година беше започнат проектот „Скаските на Маша“, а во 2014 година излезе вториот спин-оф „Страшните приказни на Маша“. Во скаските Маша го запознава гледачот со светот на руските народни сказни, а во страшните приказни раскажува „страшни“ истории, кои потоа излегуваат смешни и поучни. Авторите на серијата не сакаат да запрат тука, се надеваат и понатаму да го прошируваат проектот. Заедно со партнерите од „Анимакорд“ создаваат мрежа интерактивни образовни музеи „Маша и Мечкот“, издаваат списанија, како и едукативни компјутерски игри.

Сега во студиото работат околу 100 соработници кои создаваат истовремено неколку епизоди од цртаната серија. Секоја епизода се прави околу три месеци.

Според пресметките на Social Blade, за сметка на рекламите на Јутјуб „Маша и Мечокот“ му носат на „Анимакорд“ околу 1,5 милиони американски долари месечно. Голем дел од заработката од проектот е од лиценцираните производи „Маша и Мечокот“. Станува збор за прехранбени производи, канцелариска галантерија, играчки и друго. Договори за производство на вакква стока продукцијата „Анимакорд“ има склучено со крупни играчи на пазарот, како што се Danon, Burger King и со германскиот производител на играчки Simba Dickie. Според пресметките на студиото, оваа година приходите од продажбата можат да достигнат 300 милиони американски долари, што значи 15 милиони американски долари добивка за самата компанија.

Успехот на „Анимакорд“ продуцентите го објаснуваат едноставно: „Маша и Мечокот“ се прави со љубов и со мошне добра екипа составена од професионалци.

- Ние работиме според принципот дека следната епизода треба да биде подобра од претходната - вели Ловејко.


Прес-фото

За најпознатите советски цртани филмови прочитајте на нашиот сајт http://mk.rbth.com/arts/31445



# ИМПРЕСУМ

Писмата на читателите, колумните и илустрациите означени како „мислење“, како и текстовите од рубриката „погледи“ во овој додаток се избрани за да претставаат различни гледишта и не го изразуваат нужно гледиштето на уредникот на проектот „Russia Beyond the Headlines“ или на весникот „Росијскаја газета“. Ве молиме вашите писма и коментари да му ги испраќате на уредникот на urednik@mk.rbth.com

**Додатокот „Руска реч“ го финансира, уредува и го издава „Росијскаја газета“ (Москва, Русија).**

- **Интернет-страница: mk.rbth.com**
- **Email: urednik@mk.rbth.com**
- **Телефон: +7 (495) 775 3114**
- **Факс: +7 (495) 988 9213**
- **Адреса: ул. Правды 24, д. 4, Москва 125993, Россия.**

**ЕВГЕНИЈ АБОВ** издавач и директор на RBTH **ВСЕВОЛОД ПУЉА** главен уредник на додатоците на RBTH ● **ВЈАЧЕСЛАВ ЧАРСКИ** извршен уредник за Европа и генерален продуцент ● **ЕМИЛ НИАМИ** превод, лектура, уредник ● **ЕКАТЕРИНА ТУРИШЕВА** заменик генерален продуцент за Балканот, **МАРИЈА СМИРНОВА** уредник ● **АНДРЕЈ ЗАЈЦЕВ, НИКОЛАЈ КОРОЉОВ** илустрации ● За огласување во овој додаток, ве молиме да се обратите на **ЈУЛИЈА ГОЛИКОВА**, директор на одделот за односи со јавност: julia.golikova@rbth.com

● **ИГОР ДАНИЛОВИЌ** координатор на „Руска реч“ во „Нова Македонија“
● **МАРЈАН ДЕЛЕВСКИ** дизајн
● **ИГОР МАНОЈЛОВСКИ** технички уредник

© 2015 сите права се задржани од ФГБУ „Росијскаја газета“:
**АЛЕКСАНДАР ГОРБЕНКО** претседател на редакцискиот совет,
**ПАВЕЛ НЕГОИЦА** генерален директор,
**ВЛАДИСЛАВ ФРОНИН** главен уредник.

Забрането е копирање, дистрибуција или преземање на содржините од овој додаток, освен за лична употреба, без писмена согласност на „Росијскаја газета“.
Ве молиме за дозвола да се обратите на телефон **+7 (495) 775 3114** или на и-мејлот **urednik@mk.rbth.com**
„Russia Beyond the Headlines“ не сноси одговорност за ненарачаните текстови и фотографии.

Russia Beyond the Headlines (RBTH) го финансира „Росијскаја газета“, руски дневен весник. Содржината на овој подлисток е подготвена без учество на новинари и уредници на „Нова Македонија“. RBTH се финансира за сметка на добивката од рекламодавците и од комерцијалните спонзори, а исто така и од средства на руски државни институции. Ние се занимаваме со независна редакциска позиција и претставуваме различни гледни точки на настаните во Русија и во останатиот свет со помош на квалитетна содржина и експертски мислења. Од моментот на нашиот почеток во 2007 година се стремиме да се придржуваме до високите редакциски стандарди, да го покажеме најдоброто новинарство од Русија и за Русија. На таков начин се надеваме дека ќе пополниме една важна дупка во информирањето за нашата земја од страна на другите медиуми. Сите прашања и коментари за нашето финансирање или за нашата редакциска структура, ве молиме да ги упатите на urednik@mk.rbth.com.
Повеќе информации на mk.rbth.com.

RBTH издава 16 прилози во 26 земји со вкупна месечна публика од 27 милиони луѓе, а исто така одржува и 21 сајт на 16 јазици.

**Предадено во печат на 15.06.2016 г.**



**Членовите на руската репрезентација во велосипедизам во дисциплината „Бе-Ем-Икс“ (BMX) Александар Катишев (десно) и Евгениј Комаров на тренинг**

Владимир Астапкович/РИА Новости



**Посетители на рок-фестивалот „Нашите луѓе во градот, музика на слободата“ на Палатниот плоштад во Санкт Петербург. На настанот се одбележа 35 годишнината од постоењето на рок-групата Ленинград и 15 роденден на „Наше радио“ од Санкт Петербург**

Сергеј Конков/ТАСС



**Деца си играат покрај споменикот „Освојувачите на вселената“ во Москва, Русија**

Ројтерс